**Министерство за Финансии**
**Сектор за управување со средствата од ИПА**

**Информација за функционирањето на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД Програмата**

## 1. Оценка на системот за управување и контрола

Во текот на 2025 година, системот за управување и контрола во рамките на спроведувањето на програмата ИПАРД III 2021-2027 беше редовно следен и надгледуван од страна на НАО/Управувачка Структура преку различни алатки.
Значајни промени во дизајнот на системот за управување и контрола не се случија. Направени се несуштински промени во Процедурите за работа на ИПАРД Агенцијата кои како потреба произлегоа од најновите упатства на ЕК за рестриктивни мерки.
Дополнително, согласно најновите настани поврзани со сомнеж за потенцијална корупција од страна на високо рангиран функционер во рамките на ИПАРД Агенцијата, Националниот службеник за авторризација, врз основа на член 6, став 5 од Уредбата за воспоставување на структурите и органите и утврдување на нивните меѓусебни односи за управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) во индиректно управување, ги прекина сите плаќања од ИПАРД средствата. Оваа мерка ќе биде во сила до нејзиното повлекување, односно до добивање гаранција дека воспоставениот систем ја гарантира законитоста и регуларноста на трансакциите.
Во моментов, се водат паралелни координирани процеси на истраги и верификации од страна на неколку институции и структури. Целта е да се опфати широк спектар на области идентификувани од страна на Управувачката структура како критични точки што потенцијално би можеле да дозволат корупција, како и да се преиспита воспоставениот систем за управување и контрола од аспект на новите околности. Врз основа на исходот, националната одлука за прекин ќе се преиспита.

## 2. Верификации и контроли спроведени од страна на Управувачката структура

Структурата за поддршка на НАО во областа на земјоделството и руралниот развој во рамките на Годишниот план за верификациски посети за 2025 година, усвоен на 04 февруари 2025 година, предвидува три верификациски посети, и тоа:

- Административна проверка на ниво на проект во врска со спроведувањето на мерката за техничка помош во рамките на ИПАРД III (индикативно планирана за март-април 2025 година);
- - Верификациска посета на ниво на проект за платени проекти, особено ex post - проверки на лице место за програмата ИПАРД II (индикативно планирана за август-октомври 2025 година) и;
- - Административна проверка на платените проекти во рамките на програмата ИПАРД III (индикативно планирана за ноември-декември 2025 година).

Првата верификациска посета поврзана со спроведувањето на мерката за техничка помош во рамките на програмата ИПАРД 2021-2027 е веќе финализирана.

Втората посета, поврзана со проверката на лице место, мораше да се пролонгира поради барање на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. На негово барање, беше извршена ad hoc верификациска

посета на процесот на рангирање на апликации од Мерка 3 - Јавен повик 01/2024. Дополнително, ex-post проверката се пролонгираше поради тековните случувања, каде во моментот фокусот е ставен на други области.

## 3. Акредитација на нови мерки

Барањето за доверување на правото за управување со буџетот за мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура беше поднесено до ЕК/ГД Агри кон крајот на октомври. ИПАРД структурите го очекуваат одговорот од ГД Агри по ова прашање.

Дополнително, ИПАРД структурите работат на поставување на системот за мерката ЛИДЕР. Структурите одржуваа редовни состаноци за дефинирање на процесите се до најновите случувања. Процесот ќе се рестартира во наредниот период.

Исто така, се одржа почетна координација меѓу ИПАРД структурите за Агроеколошката мерка. Поголем фокус на оваа мерка ќе се стави во втората половина на 2026 година.

## 4. Административни капацитети

**<u>Управувачка Структура</u>**

Моменталниот број на вработени во Управувачката структура е 17 (седумнаесет - вклучувајќи го и НАО). Стапката на пополнетост според Анализата за оптовареност на работните места е 94,4% (17 пополнети места од потребните 18). Дополнителниот 1 (еден) вработен е потребен во Одделението за поддршка на НАО кои се занимаваат со ИПА програмите. Според тоа, капацитетот на НАО/УС во поглед на спроведувањето на ИПАРД III програмата, се смета за достигнат.

**<u>Тело за Управување со ИПАРД</u>**

Анализата на оптовареност на работните места (WLA 2025) на Телото за управување со ИПАРД се однесува на активностите на ниво на цела програма, опфаќајќи ги сите мерки кои се дел од ИПАРД програмата. Според Анализата (WLA), бројот на вработени во ТУ во моментов е 13 (вклучувајќи го и Раководителот на ТУ), што претставува стапка на пополнетост од 93%.

**<u>Агенција за ИПАРД</u>**

Според WLA на ИПАРД Агенцијата за 2025 година, оптималниот број на потребни вработени е 160. Во моментов има 145 вработени ангажирани во структурата на ИПАРД Агенцијата. Според тоа, ИПАРД Агенцијата идентификуваше 15 слободни работни места кои треба да се вработат за да се достигне оптималниот број. Планот на ИПАРД Агенцијата е да ги пополни овие работни места до средината на 2026 година (втор/трет квартал).

**<u>Административни капацитети на ИПАРД структурата</u>**

Во табелата подолу се прикажани податоци за човечките капацитети во ИПАРД структурата:

**Информација за функционирањето на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД Програмата**

| Институција | Број на вработени на 01.01.2025 | Број на потребен персонал според WLA 2025 | Реализирани нови вработувања до 10.10.2025 | Напуштени позиции до 10.10.2025 | Број на тековни вработени | Стапка на моментална зафатеност | Стапка на одлив на кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 14 | 18 | 3 | 0 | 17 | 94% | 0.00% |
| ИПАРД Агенција | 143 | 160 | 11 | 9 | 145 | 91% | 6.29% |
| Тело за Управување | 14 | 16 | 0 | 1 | 13 | 81% | 7.14% |
| Вкупно | 171 | 194 | 14 | 10 | 175 | 90% | 5.85% |

Со WLA за 2025 година, бројот на потребни вработени во ИПАРД структурата зголемен на 194, а стапката на пополнетост е 90%. Стапката на одлив на кадар на ниво на Програма е 5,85%.

## 5.Финансиски Менаџмент

Согласно член 33(3) од Финансискиот Рамковен договор за партнерство за ИПА III и Анекс 7 од Секторската спогодба, НАО испрати до Комисијата Прогноза за евентуални барања за плаќање за 2025-2026 за ИПАРД III програмата на 15ти Јануари 2025 и на 11ти Јули 2025 година.

Во табелите подолу се презентирани извршените плаќања – ИПА придонес, вкупно и посебно за 2025, **<u>со пресек 07 ноември 2025</u>**:

**Табела 1: Целосен статус на Програмата за периодот 2021-2027**

| | ИПА | НКФ | ВКУПНО | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Достапен буџет за 2021-2027** | 97,000,000 | 31,073,333 | 128,073,333 | |
| **Исплатено** | 8,266,412.89 | 2,754,499.88 | 11,020,912.77 | 8% |

**Табела 2: Извршени плаќања во 2025**

| Мерка | ЕУ придонес во Евра |
|---|---|
| Мерка 1 | 5,410,260.18 |
| Мерка 3 | 750,311.36 |
| Мерка 7 | 1,051,147.25 |
| Мерка 9 | 3,184.67 |
| **Вкупно** | **7,214,903.46** |

Согласно член 37 за Секторската спогодба, НАО ги достави следните Декларации за трошоци кои претставуваат барање за паќања за настанатите трошоци и генерираните приходи на редовна основа преку СФЦ системот:

**Табела 2: Барања за плаќања доставени до ЕК**

| Референца | | ЕУ придонес во € |
|---|---|---|
| 1 | Деклариран во Q1 2024 | 0,00 |
| 2 | Деклариран во Q2 2024 | 0,00 |

**Информација за функционирањето на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД Програмата**

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Деклариран во Q3 2024 | 1,543.05 |
| 4 | Деклариран во Q4 2024 | 1,049,966.38 |
| 5 | Деклариран во Q1 2025 | 1,014,558.18 |
| 6 | Деклариран во Q2 2025 | 2,074,760.72 |
| 7 | Деклариран во Q3 2025 | 2,970,846.68 |
| 8 | Деклариран во Q4 2025 (ќе биде испратено до 31 јануари 2026 година) | 0,00 |
| | **ВКУПНО** | **7,111,675.01** |

**Ризик од губење на ИПА средства за 2025:**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Финансиска спогодба | 15,000,000.00 евра |
| **2** | Пристигнат износ на претфинансирање | 6.300.00,00 евра |
| **3** | Декларирано до ЕК | 7,111,675.01 евра |
| **4** | Платено во четвртиот квартал до 07 ноември 2025 | 1,154,737.88 евра |
| **5=1-2-3-4** | **Ризик од губење на средства** | **433,587.11 евра** |

Авторизиран износ од ИПАРД Агенција кој сè уште не е платен во износ од 417.672,33 евра